1.157.4.99/444 594 444

РУДАРСТВО

ДО ПОВЕРЕНСТВОТО ЗА НАРОДНО СТОПАНСТВО
И ЕКОНОМСКА ОБНОВА НА ЗЕМЙАТА
ТУКА

Архива К.Д. Сол
16.XII.44

Дело: Мачнотиите за оспособуване на рударските предприйатийа.

1. Транспорт и липса на погони средства.

Се едни от главните фактори кои кочат сите работи на оспособувание на рударските предприйатийа во Македонийа.

Така за рудникот за лигнит во Живойна тражени се камиони на нафта уште во Прилеп 11.XI.44 год. лично од генерал Илич; след това од истиот се тражени камиони во началото на декемврий во Скопие, на 5.XII.44 год./со акт № 267 и 8.XII.44 год 349 /.Требе да обрнеме внимание да во последните два случайа сме тражиле само делови од камиони за да си оспособиме сами еден камион .До сега немаме камиони.

Рудник Катланово.

После многобройните усмени интервенцийи добифме три камиона по 4 тона / два на бензин еден на нафта / не способни за работа.Сами сме во своите режии и со свои работници оспособиле до сега два камиона, по 2-3 дена ке го оспособиме и камионот за нафта.Камионот на нафта Малгрус од 10 тона за кой рударството добило одобрение до сега не е примен./Преносуе храни од Кйустендил за Скопие /.

Фабрика Шар

Тражен е камион со писмата од 29.XI.44 год,30 - XI.44 год. и усмено. Камионот е обештан но не сме го примиле.

2. Ослободуенйе на необходими технически лица от войска.

Ослободуенйето на техническите лица от войската е безуспешно? Тражени со безброй акта / 11.XI.44 год; 25.XI.44 /95 ; 30.XI.44 /162,163; 7.XII.44 год/350,347; 8.XII.44/353 и т.н./. Требе да се упрости процедурата за ослободуванийата от войска зошто технически лица и стручни работници за рударство во Македонийа се много малко.

3.Ослободуенйе на рударските намештеници от службата во войската.

За да не се кочи работата рударските работници требе да се ослободат от мобилизацийа.Сега се изработуват списоци во различните рудници на лица кои сега работат во придприйатието./во три примерка/: За Глв.Штаб на НОВ и ПО;за Пов.за нар.стоп.и Ек.обнова на земйата/рударски одел ;и за рудникот.